Никола Сарајлија

# СКАЛА ОД ВОДА

*спомен и почит*

*кон учителите што*

*биле и ќе бидат*

# ДЕНОТ СЕ БУДИ

сонце на ѕидот
поклони му насмевка
денот се буди

свеж зрак за душа
ладна вода за духот
сончево утро

изгрев и залез
телото во молитва
со срце и ум

свеќи и темјан

божествена музика

нафора и чај

буда ме буди
другарувам со исус
спијам со ева

ВРЕМЕ ЗА ЧАЈ

сонцето зад рид
пријатели во дворот
време е за чај

огнот шепоти
разгорува разговор
клокоти вода

прегрст ливчиња
нежно лебдат кон дното
ѕвезди на сводот

дланки грееме
наслада за окото
мирис на есен

топли филџани
молчејќи ги празниме
празник на душа

# СКАЛА ОД ВОДА

небо и птица
земјата под човекот
скала од вода

сонце на обзор
месечина во море
ѕвезди низ поле

гора в езеро
облак над планината
лик во облакот

облак во извор
реката потскокнува
луната пред дожд

птица и цвеќе
слика врз месечина
рамка од ветер

СОВРШЕН ВОИН

две раце - две нозе

храбро срце - трезвен ум

вистински борец

буден и во сон
мудролик и игроок
совршен воин

цврст како карпа
силен ко мирна река
стои херојот

патот е в срце
вештината во прсти
моќта в утроба

стрплив - упорен

смирен и енергичен

чесен – справедлив

# ЦРНО И БЕЛО

украс на ѕидот
кротка змија на појас
виор во раце

древна играчка
невидливо минува
црно и бело

допир на мечот

шиштење под небото

молскот во око

блесок на молња
воздухот затрепери
реката секна

воин за мечот
воинот заминува
мечот го чека

СОДРЖИНА

*Денот се буди*

*Време за чај*

*Скала од вода*

*Совршен воин*

*Црно и бело*

Никола Сарајлија, роден 1958 година во Струмица. Основно училиште и гимназија завршил во родниот град. Дипломирал на Филолошкиот факултет во Скопје. Бил новинар-уредник во Радио Струмица и уредник на "Струмички весник", а потоа основач и главен и одговорен уредник на "Струмица денес", "Култум", "Зенит".

Автор на стихозбирките "Промени и спомени" (НИП Магазин 21, Скопје, 1992) и "Скала од вода" (ИД Макавеј, Скопје, 2007), преведени на бугарски во книгата "Стълба от вода" (Макавеј, Скопје и Мултипринт, Софија, 2008). Добитник на општински, републички и сојузни награди за поезија, како и учесник на меѓународни поетски манифестации. "Промени и спомени" е меѓу првите македонски објави во духот на хаику.